**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 2110/2023**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Стопанска Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ бр.1373/2020 од 02.09.2020 година на Нотар Зафир Хаџи- Зафиров од Скопје, против должникот/заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030007621842 и ЕМБС 6187188 и седиште на бул.8-ми Септември бр.13-СЦ Борис Трајковски,Скопје, за спроведување на извршување, на ден 23.04.2024 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети, машини/ опрема:
**Самоуслужна перална за возила лоцирана во Прилеп, на КП 14406 на ул.Кеј 1-ви Мај, производител: TECON, JWTEC 5-22 G- RO, година на производство 2020 година, количина 1,** сопственост на должникот/заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје, **составена од:**

1. Бокс за перење на возила и жетоњара, количина: 5;
2. Опрема за припрема на потрошна вода и греење лоцирана во машинска сала, количина: комплет;
3. Единечен уред за внатрешно чистење на возила, количина: 2;
4. Уред за наплата, количина: 1;
5. Монтажна метална конструкција – кровна и странична со термопанели, количина: 1;
6. Монтажна термопанелна машинска сала, количина: 1;
7. осветлување, количина: комплет;
8. Рекламно пано, количина: 1.

со вкупна вредност од **2.528.000,00 денари,** која вредност по предлог на заложниот доверител претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање за самоуслужна перална за возила со сите составни елементи.

Предметите се оптоварени со следните товари: заложно право во корист на заложниот доверител Стопанска Банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **15.05.2024 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител на Извршител Игор Антевски од Скопје, на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 14.05.2024 година.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат, по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок  се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: заложниот доверител
должникот/заложен должник

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.